# Како до ефикасна заштита во случаите на

# СЕКСУАЛНО НАСИЛСТВО?



ДОКУМЕНТ ЗА ЈАВНИ ПОЛИТИКИ СО ФОКУС
НА **СИЛУВАЊЕ** И **СЕКСУАЛНО ВОЗНЕМИРУВАЊЕ**

**Издавач:** Коалиција „Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници“ МАРГИНИ Скопје, Мрежа за заштита од дискриминација

**Автор:** Тона Карева

**Уреднички:** Наташа Бошкова и проф. д-р Ангелина Станојоска

**Лектура:** Виолета Танчева-Златева

**Графичко уредување и дизајн:** Бојана Мицевска

**Скопје, октомври 2022**

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

343.54-055.2:341.24(047.31)
343.54-055.2:340.13(497.7)(047.31)

КАРЕВА, Тона
Како до ефикасна заштита во случаите на сексуално насилство? [[Електронски извор]] : документ за јавни политики со фокус на силување и сексуално вознемирување / [автор Тона Карева]. - Скопје : Коалиција Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници, 2022

Начин на пристапување (URL):
http://mzd.mk/wp-content/uploads/2022/11/Сексуално-насилство-Документ-за-јавна-политика.pdf. - Текст во ПДФ формат, 52 стр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 10.11.2022. - Фусноти кон текстот. - Библиографија: стр. 48-51

ISBN 978-608-4803-42-3

а) Сексуално насилство -- Жени -- Меѓународно-правна рамка -- Истражувања б) Сексуално насилство -- Жени -- Правна рамка -- Македонија -- Истражувања

COBISS.MK-ID 58591749

Коалиција МАРГИНИ

МРЕЖА ЗА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

*Овој документ е изработен во рамки на проектот „Мрежа за заштита од дискриминација: „Унапредување на политиките и практиките за заштита од дискриминација и промоција на еднаквост“ кој е финансиран од Фондацијата Отворено општество – Македонија. Содржината е единствена одговорност на авторите и на грантистот и на ниту еден начин не може да се смета дека ги изразува гледиштата и ставовите на Фондацијата Отворено општество – Македонија.*

# Содржина


## 1. Вовед 7

Цел на документот

## 2. Анализа на меѓународни стандарди за заштита од сексуално насилство 13

2.1 Конвенција за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените – ЦЕДАВ

2.2 Декларација за елиминирање на насилството врз жените

2.3 Конвенција за превенција и борба против насилството врз жената и семејното насилство (Истанбулска конвенција)

## 3.Актуелна состојба во Република Северна Македонија 17

3.1. Закон за работни односи и Закон за заштита од вознемирување на работно место

3.2. Закон за превенција, спречување и заштита од семејно насилство

3.3. Закон за спречување и заштита од дискриминација

3.4. Кривичен законик и предлог-измени на Кривичниот законик

**4. Компаративна анализа – добри практики** 30

4.1. Компаративен преглед на европски држави

4.1.1. Хрватска

4.1.2. Шведска

4.1.3. Германија

4.2. Судска пракса од Европскиот суд за човекови права и Комитетот за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените4.2.1. Case of M.C. v. Bulgaria (Application no. 39272/98)

4.2.2. Karen Vertido v. The Philippines / Communication No. 18/ 2008

**5. Заклучоци** 41

**6. Препораки** 46

**7. Библиографија** 48



# 1. Вовед

Насилството врз жените е едно од најчестите прекршувања на човековите права, присутно во сите држави. Главната причина за тоа е што насилството претставува манифестација на историски нееднаквите односи на моќ меѓу жените и мажите, што довеле до доминација и дискриминација врз жените и спречување на нивното целосно напредување. Тоа претставува закана за животот на жените и нивната благосостојба, а го изложува на ризик нивното физичко и психичко здравје.

Овој документ го анализира сексуалното насилство, со фокус на силувањето и сексуалното вознемирување, за кое не се говори често во нашето општество. Како форма на родово засновано насилство, сексуалното насилство ги повредува и ги крши правата на жените. Сексуалното насилство е форма на родово базирано насилство, односно родово базиран дискриминаторски криминал. Сексуалното насилство е насочено кон жените затоа што тие се жени; непропорционално влијае врз жените и е дел од општиот контекст на структурна нееднаквост, подреденост и насилство против жените.[1] Жените се непропорционално изложени на сите форми на сексуално насилство, а најчести сторители се мажите.

Според истражувањето за насилство врз жените во Република Северна Македонија, спроведено од ОБСЕ во 2019 година, дури 30 % од испитаничките рекле дека по петнаесеттата година биле жртви на сексуално вознемирување, а 14 % од анкетираните жени изјавиле дека по навршување на 15 години искусиле некоја форма на физичко или сексуално насилство од страна на партнер или друго лице.[2] Според одговорите на учесничките, мнозинството девојки и жени во Скопје се

1. Convention on the Elimination of Discrimination against Women, Article 1; Istanbul Convention, Preamble, Article 3(a); Latin American Model Protocol, Introduction, p. 3.

2. Насилството врз жените во Република Северна Македонија. Благосостојбата и безбедноста на жените, 2019 година, ОБСЕ. <https://www.osce.org/mk/secretariat/424409?download=true>

изложени на навидум „благите“ форми на вознемирување, како што е свиркање и довикување. Секоја петта жена самата доживеала сексуално насилство, како несакано допирање. Она што особено загрижува во наодите е фреквентноста на посериозните форми на родово базирано насилство – секоја петта жена познава жена што била нападната или силувана.[3]

Во 2017 година регистрирани се 55 случаи на кривичното дело силување, а стапката на жртви на 100.000 жители е 2,65; во 2019 година регистрирани се 35 случаи на силување, а стапката на жртви на 100.000 жители е 1,69.[4]

Општеството во коешто живееме, како и традиционалните и патријархалните вредности учат на покорност на жените, а притоа вината за сексуалното насилство во најголема мера се бара во жртвата. Во нашето општество честопати жртвите се обвинувани поради сексуалното насилство кое го доживеале, односно поради начинот на облекување, однесување, консумирање алкохол, поради местото на движење. Дури и кога ќе го пријават, често постапките се долги и тие се жртва на двојна (секундарна) виктимизација, што се јавуваат и како главни причини за непријавување.

Сексуалното насилство може да има многу форми. Едно нешто што е заедничко за сите форми на сексуално насилство е тоа што тие се обид на сторителот да присили или манипулира друго лице на сексуални дејствија без негова согласност. Ефективното гонење на сексуалното насилство е можно само со разбирање на сите негови форми. Генерално, концептот на „сексуално насилство“ ги опфаќа сите повреди на сексуалната автономија и сексуалниот интегритет и често се карактеризира со понижување, доминација и уништување.

**Сексуално насилство, вклучувајќи го и силувањето,** претставува секое сексуално дело сторено спротивно на волјата на друго лице, или кога

3. Родово базирано насилство на јавни места во Скопје, 2020 година, РЕАКТОР. <file:///C:/Users/User/Downloads/Reaktor-rodovo-bazirano-nasilstvo-MKD-web.pdf>

4. Статистика на криминал. <https://mvr.gov.mk/statistiki/kriminal>

ова лице не дава согласност или кога не може да се даде согласност затоа што е дете, има ментална попреченост или е сериозно алкохолизирано или несвесно како резултат на употреба на алкохол или дрога. Поради сеопфатноста на терминот сексуално насилство, не постојат строго дефинирани форми, но генерално, сексуалното насилство вклучува: сексуален напад, силување, сексуална експлоатација, сексуално вознемирување, сексуално насилство како оружје за војна и тортура и други.

**Сексуален напад** претставува сексуален акт што не е доброволен и што се остварува по пат на принуда со заканување или со употреба на физичка сила.

**Силување** е секое сексуално дејство без согласност. Тоа може да биде извршено од кое било лице и може да се јави во повеќе форми, и тоа: силување во брак или во интимна партнерска врска, силување од познато наспроти силување од непознато лице, корективно силување, групно силување и силување во војна.

**Сексуална експлоатација** е поим кој означува каква било постоечка или обид за злоупотреба на положбата на ранливост на едно лице, диференцијална моќ или доверба за сексуални цели, вклучувајќи, но не ограничувајќи се на профитирање од финансиски, социјален или политички аспект. Во оваа категорија може да влезат некои видови на „присилна проституција“.

**Сексуално вознемирување** е секој облик на несакано вербално, невербално или физичко однесување од сексуален карактер, со цел или последица повреда на достоинството на едно лице, особено кога се создава застрашувачка, непријателска, деградирачка, понижувачка или навредлива атмосфера, како, на пример, штипење, плескање или триење од друго лице на сексуален начин, довикувања, сексуални коментари за телото или изгледот на личноста, барања сексуални услуги, сексуално сугестивно зјапање, демнење и слично.[5]

5. <https://www.unwomen.org/en/what-we-do/ending-violence-against-women/faqs/types-of-violence>

Сексуалното насилство остава сериозни и долготрајни последици врз целокупното здравје на жртвата, кои можат да бидат и физички и психички. Силувањето и другите акти на сексуално насилство го менуваат животот на жртвите и на нивните семејства. Од суштинско значење е целосно да се земат предвид влијанието и штетата од сексуалното насилство за да се обезбеди правда за жртвите, компензација за претрпената штета и спречување идна злоупотреба. Физичките повреди од силување и други акти на сексуално насилство може да бидат помалку видливи од оние предизвикани од други видови на насилство, но жртвата сѐ уште може да претрпи долготрајни физички и психички компликации.[6]

**Психичките последици** можат да бидат краткотрајни, но можат да имаат и долготрајно влијание врз жртвата. Психичките последици вклучуваат: самообвинување, посттрауматско стресно растројство, нарушувања на личноста, нарушувања на спиењето, нарушувања на исхраната, анксиозност, депресија, растројства на личноста, па дури и суицидни мисли и однесувања.

6. R. v. McCraw, 3 SCR 72, Supreme Court of Canada, Judgment of 26 September, 1991.

# Цел на документот

Република Северна Македонија ја потпиша Конвенција на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство (Истанбулската конвенција, во продолжение на документот) во 2011 година, додека ратификацијата следуваше по седум години. Конвенцијата стапи во сила на 1 јули 2018 година. Сексуалното насилство, вклучувајќи и силување, е регулирано со членот 36 од Истанбулската конвенција, со којшто земјите потписнички се обврзуваат да ги криминализираат сите форми на сексуални односи без согласност.[7] Членот 36 во Конвенцијата е посветен на сексуалното насилство, вклучувајќи и силување. Во него е наведено дека треба да се преземаат сите потребни законодавни или други мерки за да се обезбеди инкриминација на сите акти од сексуална природа, како и наведување во вклучување во акти од сексуална природа без согласност како клучен елемент, и без оглед на тоа дали актите биле извршени врз поранешни или сегашни сопружници, или врз партнери утврдени со внатрешното право. Согласноста мора да е дадена доброволно, како резултат на слободната волја на лицето, проценета во контекст на опкружувачките околности, во согласност со став 2.

Нашето законодавство треба да се усогласи со Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилство врз жените и домашно насилство и со Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените и нејзиниот Факултативен протокол. Измените на Кривичниот законик моментално се во собраниска процедура, а во тек е и изработка на нов Кривичен законик, од што произлегува и потребата од ваков документ. При подготовка на измените на Кривичниот законик, стручната јавност ја отвори дискусијата за предизвиците со кои ќе се соочат практичарите во примената на одредбите со кои треба да се санкционира сексуалниот однос во кој нема согласност на жртвата, а без досега клучните обележја на примена на сила и закана од страна на сторителот и отпор од страна на жртвата.

7. Convention on preventing and combating violence against women and domestic violence, Council of Europe, 2014. <https://rm.coe.int/168008482e>

Овој документ има за цел да ги анализира меѓународните правни стандарди за сексуално насилство за подобро разбирање на причините и последиците поради кое тоа најчесто се случува во ситуации каде отсуствува отпор од жртвата или не е потребна примена на сила и закана од страна на сторителот. Понатаму, преку компаративна анализа и анализа на правната пракса на ЕСЧП и Комитетот ЦЕДАВ, подобро ќе се разбере начинот на постапувањето на институциите во откривањето и казнувањето на случаите на сексуално насилство без дополнителна виктимизација на жртвата.

Истанбулската конвенција бара од државата кривично да го гони и да го санкционира и сексуалното вознемирување во секојдневниот живот и во интернет-просторот. Имајќи предвид дека сегашната верзија на Кривичниот законик го регулира само силувањето, но не и сите други форми на сексуално насилство, важно е да се направат реформи во законодавството со цел да се опфатат останатите форми на сексуално насилство. Со предложените измени на Кривичниот законик се предвидува менување на кривичното дело силување и воведување на нови кривични дела, меѓу кои и демнење и полово вознемирување. Сексуалното вознемирување преку Интернет не е опфатено со измените на КЗ, иако е препознаено како специфична форма на насилство во Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство. Всушност, случајот „Јавна соба“ е илустрација дека постои законски, институционален и општествен проблем во справувањето со сексуалното вознемирување на Интернет и во соодветната заштита на жртвите.

# 2. Анализа на меѓународни стандарди за заштита од сексуално насилство

## 2.1 Конвенција за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените – ЦЕДАВ

Република Северна Македонија е една од земјите што имаат пристапено кон Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените на ООН (ЦЕДАВ)[8], како и кон Факултативниот протокол кон неа, со што се обврза како договорна страна да ги гарантира, заштити и унапреди правата на жените и девојчињата, а особено да превенира, заштити и на крајот да ги елиминира сите форми на дискриминација врз жените и девојчињата на својата територија. Конвенцијата ја штити жената од сите акти кои намерно или ненамерно ја ставаат во неповолна положба и ја спречуваат да ги ужива човековите права и слободи.

Конвенцијата не го регулира директно насилството врз жените, но Комитетот за елиминација на сите форми на дискриминација врз жената го опфати насилството врз жените со усвојувањето на Општата препорака бр. 12, Општата препорака бр. 19 и Општата препорака 35 со која е дополнета Препораката бр. 19. На детален и сеопфатен начин се дава преглед на тоа што се подразбира под родово базирано насилство и што, всушност, Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација предвидува како обврска за државите да обезбедат соодветна заштита на жртвите.

Според Општата препорака бр. 19, родово базирано насилство е форма на дискриминација која сериозно ја спречува способноста на жените да ги уживаат правата и слободите врз еднаква основа со мажите. Со Општата препорака бр. 35 се препорачува сексуалниот напад,

8. Convention on the Elimination of All Forms of Discrimination against Women (CEDAW), UNGA Res. 34/180 (18 December 1979). <https://www.ohchr.org/sites/default/files/Documents/ProfessionalInterest/cedaw.pdf>

вклучително и силувањето, да се карактеризира како кривично дело против правото на жената на лична безбедност и нејзиниот физички, сексуален и психолошки интегритет. Дополнително се препорачува дефиницијата за сексуални насилства, вклучително и силување во брак и познанство/врска, да се заснова врз недостаток на слободно дадена согласност и да ги зема предвид околностите на случајот.

Освен тоа, значајно е што, според Конвенцијата, пенетрацијата не треба да биде суштествен елемент на силувањето. Клучно обележје за постоење, односно непостоење на силување, е немањето согласност.

## 2.2 Декларација за елиминирање на насилството врз жените

Декларацијата на Обединетите нации за елиминација на насилството врз жените[9] е прв меѓународен инструмент што специфично и експлицитно го опфати прашањето за насилството врз жените.

Декларацијата го дефинира насилството врз жените како родово базирано насилство кое доведува или би довело до физичко, психичко и/или сексуално страдање во јавниот или во приватниот живот на жените. Декларацијата го препознава сексуалното насилство против жените кое треба да се елиминира и дава препораки што треба владите да преземат. Декларацијата препознава повеќе видови сексуално насилство, меѓу кои силување, сексуално малтретирање, сексуална злоупотреба, малтретирање на работното место и другите форми на насилство врз жените. Овој документ не е правно обврзувачки, но овозможува посеопфатно и поефикасно спроведување на Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените.

9. Declaration on the Elimination of Violence against Women, UNGA Res 48/104, U.N. Doc. A/48/49 (1993). <http://hrlibrary.umn.edu/instree/e4devw.htm>

# 2.3 Конвенција за превенција и борба против насилството врз жената и семејното насилство (Истанбулска конвенција)[10]

Конвенцијата за превенција и борба против насилството врз жената и семејното насилство **е првиот сеопфатен инструмент и** прва обврзувачка конвенција **на европско ниво која се однесува на насилството врз жените.**

Во Конвенцијата се поставуваат цели за ефективна борба против насилството врз жените и домашното насилство, а она што е особено значајно е што во неа ***насилството врз жените*** е дефинирано како кршење на човековите права, додека, пак, ***домашното насилство*** ги означува сите акти на физичко, сексуално, психичко, односно економско насилство што се случуваат во рамките на семејството или домаќинството.

Сексуалното насилство, вклучувајќи го и силувањето, е регулирано со членот 36 од Истанбулската конвенција, со којшто земјите потписнички се обврзуваат да ги криминализираат сите форми на сексуални односи без согласност. Потребно е да се обезбеди инкриминација на следново намерно однесување: вагинална, анална или орална пенетрација од сексуална природа со кој било телесен дел или предмет во телото на друго лице без негова согласност; други акти од сексуална природа со лице без нејзина/негова согласност; наведување друго лице да се вклучи во акти од сексуална природа со трето лице без негова согласност.

Постоењето на согласност е клучен елемент. Согласноста мора да биде дадена доброволно, како резултат на слободната волја на лицето, проценета во контекст на опкружувачките околности, во согласност со став 2.

Ставот 3 ги обврзува страните да ги преземат сите неопходни правни и други мерки за да се примени одредбата од став 1 за сите форми

10. The Council of Europe Convention on Preventing and Combating Violence against Women and Domestic Violence (November 2014). <https://rm.coe.int/168046253a>

на сексуални односи без согласност, без разлика каква е врската меѓу сторителот и жртвата, вклучувајќи ги и односите со поранешниот и актуелниот брачен партнер признати од внатрешното право.

Во однос на сексуалното насилство, вклучувајќи го и силувањето, Објаснувачкиот извештај на Истанбулската конвенција предвидува дека гонењето за ова дело ќе бара проценка на доказите за да се утврди од случај до случај дали жртвата слободно се согласила на извршениот сексуален чин.[11] Проценката треба да се направи врз основа на индивидуален пристап и треба да се земат предвид различните однесувања што може да се манифестираат кај различни жртви, а притоа да не се засновани врз стереотипи, предрасуди и претпоставки. Еднакво важно е да се осигури дека толкувањата на законодавството за силување и гонењето на случаите на силување не се под влијание на родовите стереотипи и митовите за машката и женската сексуалност.[12]

Член 40 од Конвенцијата се однесува на сексуално вознемирување, во кој е наведено дека е потребно да се преземат сите потребни законски или други мерки за да се обезбеди дека секоја форма на несакано вербално, невербално или физичко однесување од сексуална природа со цел или последица повреда на достоинството на лицето, особено кога се создава заплашувачка, непријателска, деградирачка, понижувачка или навредлива средина, е предмет на кривична или друга законска санкција.

11. Explanatory Report to the Council of Europe Convention on preventing and combating violence against women and domestic violence Istanbul, 2011. <https://rm.coe.int/ic-and-explanatory-report/16808d24c6>

12. Студија на опсег на различни форми на сексуално насилство, Национална мрежа против насилство врз жените и семејно насилство. <http://www.glasprotivnasilstvo.org.mk/wp-content/uploads/2013/11/studija-za-seksualno-nasilstvo-vo-rm-1.pdf>

# 3. Актуелна состојба во Република Северна Македонија

Во националното законодавство се опфаќаат различните форми на сексуално насилство во следниве закони: Кривичниот законик, Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство и Законот за спречување и заштита од дискриминација.

## 3.1. Закон за работни односи[13] и Закон за заштита од вознемирување на работно место[14]

Сексуалното вознемирување најпрво е препознаено во контекст на работните односи со Законот за работни односи од 2005 година, но таму е искористен изразот полово вознемирување. Во член 9 е предвидено дека во смисла на овој Закон, полово вознемирување е секое вербално, невербално или физичко однесување од полов карактер кое има за цел или претставува повреда на достоинството на кандидатот за вработување или на работникот, а кое предизвикува страв или создава непријателско, понижувачко или навредливо однесување. Вознемирувањето и половото вознемирување претставуваат дискриминација во согласност со Законот за работни односи.

Исто така, половото вознемирување, односно сексуалното вознемирување, е предвидено и во Законот за заштита од вознемирување на работно место, во кој во член 5 е предвидено дека во смисла на овој Закон, полово вознемирување е секое вербално, невербално или физичко однесување од полов карактер, кое има за цел или претставува повреда на достоинството на кандидатот за вработување или на вработениот, а кое предизвикува чувство на страв или создава непријатност, пониженост.

13. Закон за работни односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/19, 267/20, 151/21 и 288/21).

14. Закон за вознемирување на работно место („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/13 и 147/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 103/21).

## 3.2. Закон за превенција, спречување и заштита од семејно насилство[15]

Во Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство, сексуалното насилство е вклучено како дел од дефиницијата за семејно насилство. Во поимникот на овој Закон за прв пат се споменуваат и дефинираат **сексуално насилство и силување**, **сексуално вознемирување** и **сексуално вознемирување преку Интернет**.

Во согласност со Законот, **сексуално насилство и силување** е секое дејствие од сексуална природа, со кој било телесен дел или предмет, на телото на друго лице без негова/нејзина согласност. Сексуално насилство постои и кога се наведува или присилува друго лице да се вклучи во дејствија од сексуална природа со трето лице без негова согласност. Согласноста мора да е изразена доброволно како резултат на слободната волја на лицето, проценета во контекст на околностите. Во оваа дефиниција за прв пат е истакната согласноста како клучна за постоење на сексуално насилство и силување, целосно усогласено со Истанбулската конвенција.

Освен тоа, дефинирано е и **сексуалното вознемирување, како** секое вербално, невербално или физичко однесување од сексуална природа што има за цел или последица повреда на достоинството на лицето, особено кога се создава заканувачка, непријателска, деградирачка, понижувачка или навредлива средина.

Во поимникот се дефинира и **сексуалното вознемирување преку Интернет** како секое вербално, невербално или друго постапување од сексуална природа, што има за цел или последица повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика, преку електронските средства за комуникација.

15. Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство („Службен весник“ 24/2021)

## 3.3. Закон за спречување и заштита од дискриминација[16]

Законот за спречување и заштита од дискриминација предвидува дека сексуално вознемирување е каков било облик на несакано вербално, невербално или физичко постапување од сексуална природа, што има цел или последица повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика.

На овој начин се проширува опсегот на заштита во врска со сексуалното вознемирување, којшто претходно беше утврден само во делот на работните односи.

## 3.4. Кривичен законик и предлог-измени на Кривичниот законик

Кривичниот законик на Република Северна Македонија ги инкриминира кривичните дела против половата слобода и половиот морал во деветнаесетта глава, кои како објект на заштита ја имаат половата слобода на граѓаните вклучувајќи ги честа и угледот и, во одредена мера, телесниот интегритет на жртвата.

Во оваа глава се опфатени следниве кривични дела: силување, обљуба врз немоќно лице, полов напад врз дете кое не наполнило 14 години, обљуба со злоупотреба на положбата, задоволување на полови страсти пред друг, посредување во вршење проституција, прикажување на порнографски материјал на дете, производство и дистрибуција на детска порнографија, намамување на обљуба или друго полово дејствие на дете кое не наполнило 14 години и родоскрвнавење.

Во продолжение ќе бидат анализирани постоечките одредби и состојбата со инкриминација на силување, сексуално вознемирување и сексуално вознемирување на Интернет во домашното законодавство,

16. Законот за спречување и заштита од дискриминација „Службен весник“ 258/2020).

како и предложените измени на Кривичниот законик. Измените на Кривичниот законик моментално се во собраниска процедура, а во тек е и изработка на нов Кривичен законик кој е поставен на ЕНЕР. Текстот на измените што ќе ги анализираме се исто така во собраниска процедура, заедно со предлог-текстот на новиот Кривичен законик. Со предложените измени на Кривичниот законик се предвидува менување на кривичното дело силување и воведување на нови кривични дела, меѓу кои и полово вознемирување.

## 3.4.1 Силување

Силувањето како кривично дело е инкриминирано во член 186, а како елементи на силување се наведени обљуба и присила. На овој начин, одредбата на Законот вклучува употреба на сила или закана дека сторителот непосредно ќе нападне врз животот или телото на друг или врз животот или телото на нему блиско лице, што значи дека во согласност со Кривичниот законик што е во сила, актот на сексуално насилство не се заснова врз концептот на недостиг на согласност од жртвата, туку врз концептот на употреба на сила. Значи, во случаи кога не е присутна примената на физичка сила, тешко е да се изнесе како кривично дело, како чин на сексуално насилство. На ваков начин остануваат незаштитени жртвите кои не биле во можност да му се спротивстават на сторителот.

Во нашата држава сексуалното насилство е една од најчестите форми на родово засновано насилство, но истовремено и една од најмалку пријавуваните. Причините за ниското ниво на пријавување се должат на непрепознавањето на делото, патријархалните вредности на општеството во кое жените сè уште се сметаат за сексуален предмет и имот на партнерот, како и на непрофесионално спроведените постапки откако ќе се пријави делото. Во голем број од случаите постапувањето на органите е спротивно на меѓународните принципи и на принципот на должно внимание, често проследено со дејствија што значат двојна виктимизација. Врховниот суд има усвоено сентенца за отсуството на физички и телесни повреди кај кривичното дело Силување, со која се потенцира дека отсуството на постоење на физички повреди во пределот на гениталната регија на телото на оштетената не може да упатува дека не постои доказ за недостаток

на согласност кај оштетената за силување. Современите стандарди и позитивните обврски на државата, според членот 3 и членот 8 од ЕКЧП и други меѓународни документи, бараат почитување на сексуалната автономија на поединецот и на еднаквоста. Последниот пример кој беше актуелен во јавноста укажа на многу неправилности во постапувањето на органите со кои се соочи М. Ј. од Велес.[17] Овој случај, како и другите, ги покажуваат стравот и отпорот на институциите од примена на новите стандарди и од промена на нивното постапување.

17. <https://360stepeni.mk/video-rekonstruktsija-na-postapuvaneto-na-organite-na-progonot-vo-sluchaj-so-siluvane/>

# Кривичен законик – Силување

## Член 186

1. Тој што друг со употреба на сила или закана дека непосредно ќе нападне врз неговиот живот или тело или врз животот или телото на нему блиско лице, ќе го присили на обљуба, ќе се казни со затвор од три до десет години.

2. Ако делото од ставот (1) на овој член е сторено врз дете кое наполнило 14 години сторителот ќе се казни со затвор најмалку десет години.

3. Ако поради делото од став 1 настапила тешка телесна повреда, смрт или други тешки последици или делото е сторено од страна на повеќе лица или на особено суров или понижувачки начин или од омраза, сторителот ќе се казни со затвор најмалку четири години.

4. Тој што друг ќе присили на обљуба со сериозна закана дека за него или за нему блиско лице ќе открие нешто што би му наштетило на неговата чест и углед или дека ќе предизвика друго тешко зло, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.

5. Тој што во случаите од ставовите 1, 2 и 3 ќе изврши само друго полово дејствие, ќе се казни за делото од став 1 со затвор од шест месеци до пет години, за делото од став 2 со затвор од една до десет години, а за делото од став 3 со затвор од три месеци до три години.

Очигледна е суштинската разлика во однос на нашиот Кривичен законик и Истанбулската конвенција и Конвенцијата ЦЕДАВ – односно Конвенцијата бара отсуство на согласност како суштествен елемент, додека македонскиот Кривичен законик бара употреба на сила или закана за остварување на битието на делото. Исто така, вака инкриминираното кривично дело е спротивно на Општата препорака бр. 35, со која се препорачува силувањето да се заснова врз недостаток на слободно дадена согласност и да ги зема предвид околностите на случајот и дополнително, според Конвенцијата, пенетрацијата не треба да биде суштествен елемент на силувањето. Клучно обележје за постоење, односно непостоење на силување, е недостаток на согласност.

Во предлог-измените на Кривичниот законик во однос на кривичното дело силување има две алтернативи. Со првата алтернатива се предвидува воведување на две кривични дела, и тоа силување и полов напад, а втората алтернатива предвидува воведување на едно кривично дело – полов напад и силување.

# Предлог-измени на Кривичниот законик

## Полов напад

### Член 243 (нов член)

1. Тој што спротивно на јасно изразената волја на друг проценета во контекст на околностите на случајот, врз него ќе изврши полов однос или друго со него изедначено полово дејствије што се состои во анална или орална пенетрација, со дел од телото или предмет или ќе наведе друго лице против неговата волја да изврши полов однос или друго со него изедначено полово дејствие со трето лице или врз себе си, ќе се казни со затвор од една до пет години.

2. Ако делото од ставот (1) на овој член е сторено со дете кое наполнило 15 години, сторителот ќе се казни со затвор од најмалку три години.

3. Ако поради делото од ставовите (1) до (2) на овој член настапила тешка телесна повреда, смрт или друга тешка последица, сторителот ќе се казни со затвор најмалку пет години.

4. Тој што во случаите од ставовите (1) и (2) на овој член ќе изврши само друго полово дејствие кое не се состои во вагинална, анална или орална пенетрација, ќе се казни со затвор од шест месеци до три години, а за делото од ставот (3) на овој член со казна затвор од една до пет години.

## Силување

### Член 244 (претходен Член 186)

1. Тој што друг со примена на сила или закана дека непосредно ќе нападне врз неговиот живот или тело или врз животот или телото на нему блиско лице, ќе го присили на полов однос или друго со него изедначено полово дејствије што се состои во анална или орална пенетрација, ќе се казни со затвор од три до десет години.

2. Со казната од ставот (1) на овој член ќе се казни и тој што делото од ставот (1) ќе го изврши врз друг со сериозна закана дека за него или за нему блиско лице ќе открие нешто што би

му наштетило на неговата чест и углед или дека ќе предизвика друго тешко зло.

3. Ако делото од ставот (1) и (2) на овој член е сторено врз дете кое наполнило 15 години сторителот ќе се казни со затвор најмалку осум години.

4. Ако поради делото од ставот (1), (2) и (3) на овој член настапила тешка телесна повреда, смрт или други тешки последици или делото е сторено од страна на повеќе лица или на особено суров или понижувачки начин или од омраза, сторителот ќе се казни со затвор најмалку десет години или доживотен затвор.

5. Ако сторителот од ставовите (1), (2) и (3) на овој член изврши само друго полово дејствие кое не се состои во вагинална, анална или орална пенетрација, ќе се казни за делото од ставовите (1) и (2) на овој член со затвор од една до пет години, а за делото од ставот (3) со затвор од една до десет години.

## Алтернатива на членовите 243 и 244

## Полов напад и силување

### Член 186

1. Тој што без јасно изразената согласност на друг проценета во контекст на околностите на случајот, врз него ќе изврши полов однос или друго со него изедначено полово дејстие, што се состои во вагинална, анална или орална пенетрација со било кој дел од телото или предмет, или ќе наведе друго лице без неговата согласност да изврши полов однос или друго полово дејствие со трето лице, или да изврши полово дејствие врз себе си, ќе се казни со затвор од една до осум години.

2. Ако делото од ставот (1) на овој член е сторено со дете кое наполнило 15 години, сторителот ќе се казни со затвор од најмалку три години.

3. Ако делото од став (1) на овој член е сторено со примена на сила или закана врз друг дека непосредно ќе нападне врз неговиот живот или тело или врз животот или телото на нему блиско лице, сторителот ќе се казни со затвор од три до десет години.

4. Со казната од ставот (3) на овој член ќе се казни и тој што делото од ставот (1) ќе го изврши врз друг со сериозна закана дека за него или за нему блиско лице ќе открие нешто што би

му наштетило на неговата чест и углед или дека ќе предизвика друго тешко зло.

5. Ако делото од ставовите (3) и (4) на овој член е сторено врз дете кое наполнило 15 години, сторителот ќе се казни со затвор најмалку осум години.

6. Ако поради делото од ставовите од (1) до (5) на овој член настапила тешка телесна повреда, смрт или други тешки последици или делото е сторено од страна на повеќе лица или на особено суров или понижувачки начин или од омраза, сторителот ќе се казни со затвор најмалку десет години или со доживотен затвор.

7. Тој што во случаите од ставовите (1) до (5) на овој член ќе изврши само друго полово дејствие кое не се состои во вагинална, анална или орална пенетрација, ќе се казни за делото од став (1) на овој член со затвор од шест месеци до три години, за делото од ставот (2) на овој член со казна затвор од една до три години, за делото од ставовите (3) и (4) на овој член со казна затвор од една до пет години, и за делото од ставот (5) на овој член со казна затвор од една до десет години.

Јасно изразената согласност на друг, проценета во контекст на околностите на случајот, е наведена како клучна за постоење на кривичното дело полов напад, додека кај кривичното дело силување се бара примена на сила или закана дека непосредно ќе нападне врз неговиот живот или тело или врз животот или телото на нему блиско лице, ќе го присили на полов однос или друго со него изедначено полово дејствие што се состои во анална или орална пенетрација. Во втората алтернатива, односно кривичното дело полов напад и силување, применета на сила или закана врз друг дека непосредно ќе нападне врз неговиот живот или тело или врз животот или телото на нему блиско лице е предвидено како квалифициран облик.

Во согласност со меѓународните стандарди, треба да постои само едно кривично дело кое ќе гласи „силување", а чие битие на делото ќе биде алтернативата на членовите 243 и 244, бидејќи полов напад без согласност претставува силување, па оттука тие не треба да бидат одвоени во две различни кривични дела. Применета на сила или закана сметаме дека

треба да биде квалификаторен облик на основното дело силување, како што е во алтернативата, поради што таа е поцелосна.

## 3.4.2 Сексуално вознемирување и сексуално вознемирување преку Интернет

Сексуалното вознемирување моментално е предвидено во Законот за работни односи, Законот за заштита од вознемирување на работното место, Законот за спречување и заштита од дискриминација и Законот за спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство, но сепак, досега воопшто не е инкриминирано и предвидено во Кривичниот законик.

Случајот „Јавна соба“ одекна во јавноста во јануари 2020 година. Иако основачот на групата и некои од администраторите им беа познати на институциите уште во првите неколку дена од откривањето, случајот остана во предистражна постапка една година. По една година молк од Јавното обвинителство, медиумите обелоденија три нови групи како „Јавна соба“. Многу девојки беа преплавени со непристојни понуди, повици и пораки на нивните телефони кои беа споделувани во „Јавна соба“. Од полиција добивале одговор дека законот во вакви случаи ги штити децата, но не и полнолетните лица. И самиот државен јавен обвинител Љубомир Јовески има изјавено дека потребни се измени и дополнувања на Кривичниот законик, со кривичните дела „демнење“ и „сексуално вознемирување“.

Случајот „Јавна соба“ е експлицитен пример со кој може да се тврди дека токму отсуството на хармонизирана законска рамка придонесува кон неказнување на сторителите на ваков вид насилство, особено доколку жртвите се полнолетни жени. Оттука, и покрај тоа што сексуалното вознемирување е предвидено во неколку закони и законската рамка е подобрена, сепак, таа не овозможува подобра заштита и покрај инкриминирањето на ова дело, па потребни се дополнителни обуки за јакнење на капацитетите на институциите, промоција и зајакнување на жртвите.

# Полово вознемирување
## Член 251 (нов член)

1. Тој што со вербално или физичко дејствие кое има директно или индиректно, реално или симболично значење на наведување, непристојна понуда, намамување, изразување полова страст или друго дејствие кое јасно потсетува на полов однос или други со него изедначени полови дејствија, ќе вознемири лице кое му е подредено или спрема него се наоѓа во однос на зависност, друго лице на работа или на јавно место или лице што е ранливо поради возраст, болест, попреченост, зависност од дроги, бременост или тешки телесни или душевни пречки, и со тоа ќе го повреди неговото достинство, предизвикувајќи чувство на непријатност, навреденост, понижување или страв, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.
2. Гонењето на делото од ставот (1) на овој член се презема по предлог.

Предлог-измените на Кривичниот законик предвидуваат внесување на ново кривично дело, „полово вознемирување", чие битие, всушност, претставува сексуално вознемирување. Термините полово вознемирување и полова страст треба да се заменат со сексуално вознемирување и сексуална страст, со цел усогласување на Кривичниот законик со Законот за спречување и заштита од дискриминација (член 10 став 2) и со Законот за спречување и заштита од насилство врз жени и семејното насилство (член 3 став 1 точка 19), како и со Истанбулската конвенција. Нашата држава има обврска да го усогласи домашното законодавство со Истанбулската конвенција. Дополнително, потребно е да се додаде и „невербално дејствие", со цел да се опфатат сите начини на сексуално вознемирување. Предлог-одредбата ограничува во однос на опсегот на лица кои може да вршат или да трпат сексуално вознемирување, па потребно е изменување и во оваа насока.

Исто така, сексуалното вознемирување преку Интернет не е опфатено со измените на Кривичниот законик, иако е препознаено како специфична форма на насилство во Законот за спречување и заштита од

насилство врз жените и семејното насилство. Потребата од експлицитно додавање на сексуалното вознемирување преку Интернет произлегува заради обезбедување на заштита од жртвите. Непостапувањето во случаи на сексуално вознемирување преку Интернет може да се согледа и од постапувањето на органите, особено во случајот „Јавна соба“, како и од самата пресуда која беше недоволна, несоодветна и нецелосна. Со обвинението и со пресудата беше опфатено само кривичното дело „производство и дистрибуција на детска порнографија“ и беа осудени основачот и администраторот на групата. Случајот „Јавна соба“ е илустрација дека постои законски, институционален и општествен проблем во справувањето со сексуалното вознемирување на Интернет и во соодветната заштита на жртвите.

# 4. Компаративна анализа – добри практики

## 4.1. Компаративен преглед на европски држави

Во многу европски земји се јавува проблемот на несоодветно и неефективно законодавство во поглед на криминализирање на силувањето. Притоа, само во тринаесет земји во Европа сексуалните односи без согласност се сметаат за силување, според истражувањето на „Амнести интернешнел“ од 2018 година.[18]

Во продолжение споредбено ќе бидат анализирани кривичните закони на Хрватска, Шведска и Германија во делот на сексуалното насилство, односно силувањето и сексуалното вознемирување, како држави со добри пракси.

### 4.1.1. Хрватска

Хрватска ја ратификуваше Истанбулската конвенција во 2018 година, а по направените измени во 2020 година, Кривичниот законик на Хрватска е целосно усогласен со Истанбулската конвенција. Законската дефиниција за силување претрпела значителни промени со измените на Кривичниот законик од 2020 година. Претходно биле предвидени две кривични дела, односно во член 152 „полов однос без согласност“ и во член 153 „силување“. Со овие измени избришан е член 152 и се предвиделе измени на член 153. Во изменетиот член 153, „Силување“, предвидено е дека сексуалниот однос без согласност претставува силување. Согласност постои доколку лицето решило по своја слободна волја да се вклучи во сексуален однос или еквивалентен сексуален чин и било способно да донесе и изрази таква одлука.

---

18. Right to be free from rape, Amnesty International, 2018. <https://www.amnesty.org/download/Documents/EUR0194522018ENGLISH.PDF>

Разлика сè уште се прави во однос на тоа дали е употребена сила или закана, но тоа само претставува услов за пропишување помала или повисока казна. Ако силувањето резултира со посериозна последица или е извршено под посериозни околности, тогаш се применува член 154 од Кривичниот законик, кој предвидува потешка казна. Предвидена е инкриминација и на силување од страна на сегашен или поранешен партнер.

Постоењето на две кривични дела било критикувано и од Комитетот ЦЕДАВ, особено затоа што со кривичното дело „полов однос без согласност", сексуалниот однос без согласност бил предвиден како полесно кривично дело, односно била предвидена помала казна, и со тоа била оставена можност сторителите да бидат казнети со помала казна, затоа што немало отпор.[19]

Во хрватскиот Кривичен законик инкриминирано е и „сексуално вознемирување" и предвидена е казна затвор до две години. Дефиницијата за сексуално вознемирување во Кривичниот законик е во согласност со Истанбулската конвенција, односно сексуално вознемирување е секое вербално, невербално или физичко несакано однесување од сексуална природа што е насочено или, всушност, претставува повреда на личното достоинство, што предизвикува страв, непријателска, понижувачка или навредлива средина. Со измените на Кривичниот законик во 2021 година била направена промена во однос на процесната претпоставка за гонење на кривичното дело сексуално вознемирување. Имено, за сексуално вознемирување била покренувана постапка по барање, а барањето требало да се поднесе во рок од 3 месеци. Било увидено дека овој рок е многу краток, па затоа со измените сега гонењето е по службена должност.[20]

---

19. CEDAW, Concluding Observations, Croatia, July 2015, CEDAW/C/HRV/CO/4-5. <http://tbinternet.ohchr.org/_layouts/treatybodyexternal/Download.aspx?symbolno=CEDAW%2fC%2fHRV%2fCO%2f4-5&Lang=en> para 18.

20. JOINT SHADOW REPORT on the implementation of Council of Europe's Convention on preventing and combating violence against women and domestic violence in Croatia. <https://rm.coe.int/joint-shadow-report-croatia-2022/1680a5b42d>

## 4.1.2. Шведска

Шведска е една од земјите членки на ЕУ која неодамна ја промени одредбата за силување со донесување нова одредба во Кривичниот законик, во која клучен елемент е согласноста. При оценувањето дали учеството е доброволно или не, треба да се зема предвид дали доброволноста била изразена со збор или со дело, или на некој друг начин. Оваа одредба стапи во сила на 1 јули 2018 година. Оваа промена довела до зголемен број на пријави, обвиненија и пресуди, дури и до 75 %.[21]

Исто така, шведското законодавство го предвидува кривично дело силување од небрежност. Силување од небрежност постои кога сторителот од небрежност ќе го занемари фактот дека другото лице доброволно не се согласило на сексуалниот однос. Првата пресуда за силување од небрежност била изречена во септември 2018 година. Обвинетиот иницирал сексуална интеракција со жртвата и од невнимание го занемарил фактот дека жртвата не учествувала доброволно. Судот оценил дека, ако другото лице во сексуалниот чин е пасивно и дава мешани сигнали, како што се давање отпор и заштита на интимните делови со рака, другиот треба да се погрижи дека лицето доброволно се согласува да учествува во сексуалниот однос. Иако воведувањето на новото кривично дело силување од небрежност не доведе до многу пресуди, сепак, се смета дека е фактор за зголемување на обвиненијата, бидејќи во одредени случаи обвинителите можеби би се воздржале од покренување обвинение доколку не би биле во можност да го наведат силувањето од небрежност како второ обвинение.[22]

Исто така, како кривични дела се предвидени и „сексуална злоупотреба“ и „несовесна сексуална злоупотреба“, во кои недостигот на согласност е клучен елемент.

Не постои конкретно кривично дело кое се однесува на сексуалното вознемирување во Шведска. Меѓутоа, постојат неколку кривични одредби кои се однесуваат на интимните вознемирувања. Најочигледна е онаа за сексуално малтретирање, каде спаѓаат дела

21. The new consent law in practice An updated review of the changes in 2018 to the legal rules concerning rape. <https://bra.se/download/18.7d27ebd916ea64de53065cff/1614334312744/2020_6_The_new_consent_law_in_practice.pdf>

22. Ibid.

што не го исполнуваат битието на потешки сексуални престапи, како што се силување или сексуална принуда. Оттука, опсегот на одредбата зависи од тоа дали делото е од таква природа што, од објективна гледна точка, го нарушува сексуалниот интегритет на жртвата. Формулацијата на одредбата за сексуално малтретирање сугерира дека таа може да ги опфати повеќето форми на наметливо сексистичко однесување.

Извештајот за Шведска од 2019 година на ГРЕВИО[23] покажа дека шведскиот Кривичен закон е усогласен со повеќето одредби од Истанбулската конвенција и дека делата наведени од член 33 до член 40 од Конвенцијата се кривични дела според шведскиот закон.[24]

## 4.1.3. Германија

Материјалното право во Германија било изменето со цел имплементирање на Истанбулската конвенција со донесување на реформа на кривичното право поврзано со сексуалното насилство во 2016 година.

Со овие измени, Германија за прв пат го криминализира сексуалното насилство при што како клучна е предвидена волјата на лицето да се вклучи во сексуални дејствија без потреба од дополнителни предуслови, како што се постоење на физички отпор, насилство или закани за животот. Реформата е позната како „не значи не" и предвидува дека и физичките и вербалните одговори од жртвата би можеле да доведат до докажување на недостаток на согласност. Но, сепак, измените не се фокусираат на отсуството на согласност како таква, туку подразбира дека во секоја ситуација каде што нема експресно одбивање на лицето, се смета дека постои согласност.

ГРЕВИО забележа дека постои разлика помеѓу сексуалните

23. ГРЕВИО е независно експертско тело одговорно за следење на спроведувањето на Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство (Истанбулска конвенција).

24. GREVIO's (Baseline) Evaluation Report on Legislative and Other Measures Giving Effect to the Provisions of the Council of Europe Convention on Preventing and Combating Violence against Women and Domestic Violence (Istanbul Convention) SWEDEN (Secretariat of the monitoring mechanism of the Council of Europe Convention on Preventing and Combating Violence against Women and Domestic Violence, 2019). <https://rm.coe.int/grevio-inf-2018-15-eng-final/168091e686>

дејствија извршени против волјата на жртвата, како во германската реформа, и сексуалните дејствија засновани врз постоење, односно непостоење на согласност и дека на овој начин се остава простор некои сторители да останат неказнети.

Покрај критиките, статистиката на полицијата во Германија покажува зголемување на бројот на пријави, а оценките и искуствата на адвокатите, судиите и јавните обвинители се мошне позитивни во однос на реформата. Има судења и пресуди за кривични дела благодарение на новите прописи кои претходно би биле отфрлени.[25]

Со измените во Кривичниот законик на Германија од 2016 година инкриминирано е сексуалното вознемирување и под него е предвидено дека на тој што сексуално ќе допре друго лице и со тоа го вознемирува, ќе му се изрече казна затвор до две години или парична казна. Претходно, сексуалното вознемирување не беше кривично дело. Статистиката покажува дека има голем број на обвиненија, на пример, во 2019 година биле поднесени 13.645 обвиненија.[26] Сепак, вербалното и невербалното сексуално вознемирување без допирање не е казниво.

25. Alternative Report on the Implementation of the Council of Europe Convention on Preventing and Combating Violence Against Women and Domestic Violence, German Istanbul Convention Alliance. <https://rm.coe.int/alternative-report-2021-german-istanbul-convention-alliance/1680a1f12b>

26. Ibid.

# 4.2. Судска пракса од Европскиот суд за човекови права и Комитетот за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените

## 4.2.1. Case of M.C. v. Bulgaria (Application no. 39272/98) [27]

Европскиот суд за човекови права во случајот M.C. v. Bulgaria (Application no. 39272/98) утврдил повреда на позитивните обврски на тужената држава според членовите 3 и 8 од Конвенцијата, односно повреда на правото на забрана на мачење и правото на почитување на приватниот и семејниот живот.

### Факти на случајот и одлука на државата

Според исказите на апликантката, таа била силувана од двајца мажи на 31 јули и 1 август 1995 година, кога имала 14 години и 10 месеци, а тие 21 година, односно 20 години.

Во нејзините изјави, апликантката изјавила дека на 31 јули, откако биле излезени и покрај нејзините негодувања, отишле во резервоар за да пливаат. Таа не сакала да плива и останала во автомобилот. Според апликантката, откако П. се вратил од пливање, го притиснал своето тело врз нејзиното и почнал да ја бакнува. Апликантката го одбила и побарала да замине. П. продолжил да ја бакнува, а потоа ја фатил за раце, ги притиснал на нејзиниот грб, ја соблекол и ја принудил на сексуален однос со него. Апликантката била исплашена и во исто време засрамена од фактот што се ставила себеси во таква ситуација и немала сила физички

27. Case of M.C. v. Bulgaria (Application no. 39272/98). <https://hudoc.echr.coe.int/fre#{%22itemid%22:[%22003-883968-908286%22]}>

да се спротивстави или да вреска. Според изјавите на П., сексуалниот однос бил со нејзина согласност.

Подоцна вечерта, на 1 август, апликантката се чувствувала беспомошно и имала потреба од заштита. Бидејќи А. бил брат на нејзин соученик, таа очекувала заштита од него и ги следела него и В. А. во соба на приземје од куќата и откако В. А. си заминал, А. седнал до неа, ја турнал на креветот, ја соблекол и ја принудил да има сексуален однос со него. Апликантката повторно немала сила физички да се спротивстави и го молела да престане. А. пред полицијата изјавил дека сексуалниот однос бил со нејзина согласност.

Државата спровела истрага во врска со настаните и на 17 март 1997 година окружниот обвинител наредил затворање на кривичната истрага. Тој утврдил, меѓу другото, дека употребата на сила или закана не биле утврдени надвор од разумно сомневање. Конкретно, не бил утврден никаков отпор од страна на жалителката или обиди да побара помош од други.

## Мислење и одлука на Судот

Судот истакнал дека, историски, доказ за физичка сила и физички отпор бил потребен според домашното право и практика во случаи на силување во голем број земји. Меѓутоа, во последните децении е забележан јасен и постојан тренд во Европа и во некои други делови од светот кон напуштање на формалните дефиниции и тесните толкувања на законите во оваа област.

Прво, барањето дека жртвата мора физички да се спротивстави повеќе не е присутно во правото на некои земји (Ирска, Обединетото Кралство, Соединетите Американски Држави и други земји). Ирското право експлицитно наведува дека согласноста не може да се заклучи од недостаток на отпор. Во повеќето европски земји, под влијание на континенталната правна традиција, дефиницијата за силување содржи референци за употреба на насилство или закани за насилство од страна на сторителот. Меѓутоа, значајно е што во судската практика и правната теорија недостатокот на согласност, а не сила, се смета за составен елемент на делото силување. Во меѓународното кривично право признаено е дека силата не е елемент на силување.

Дополнително, Судот утврдил дека постоењето на две различни верзии за фактите на настаните бара проценка на веродостојноста на дадените изјави, како и проверка на сите околности. Судот смета дека државните органи спровеле неефективна истрага која траела долго и не презеле доволно дејствија за да ги утврдат релевантните факти и сите околности. Дополнително, истакнува дека, иако во пракса понекогаш може да биде тешко да се докаже недостатокот на согласност во отсуство на „директен“ доказ за силување, како што се траги од насилство или директни сведоци, властите сепак мора да ги истражат сите факти и да одлучат врз основа на проценка на сите околности. Истрагата и нејзините заклучоци мора да бидат фокусирани на прашањето за постоењето или непостоењето на согласност, а не на „директните докази“, односно постоењето на отпор, како во случајот.

Во согласност со членовите 3 и 8 од Европската конвенција за човекови права, земјите имаат обврска да спроведат казнување и ефективно гонење на кој било сексуален чин без согласност, вклучително и во отсуство на физички отпор од страна на жртвата.

### 4.2.2. Karen Vertido v. The Philippines / Communication No. 18/ 2008[28]

Комитетот смета дека државата својата одлука и постапување несоодветно ги засновала врз сексуални стереотипи и не обезбедила ефикасен правен лек на жртвата. Државата имала обврска да обезбеди ефикасен правен лек, кој бара правично, непристрасно и навремено судење на случаите кои вклучуваат наводи за силување и други видови на сексуално насилство.

Комитетот препорача државата да ѝ обезбеди на жртвата соодветна компензација, да ја разгледа дефиницијата за силување според постоечкиот закон за да се осигури дека недостатокот на согласност е суштински елемент на кривичното дело и да бара обука за судии, адвокати и службеници за спроведување на законот за кривичното дело силување и други сексуални престапи.

28. Karen Vertido v. The Philippines / Communication No. 18/ 2008. <https://juris.ohchr.org/search/details/1700>

## Факти на случајот и одлука на државата

Обвинетиот се понудил да ја однесе до дома апликантката, заедно со еден од неговите пријатели, ноќта на 29 март 1996 година. Кога апликантката сфатила дека г. Ц. има намера прво да го остави својот пријател, му рекла дека попрво би зела такси, бидејќи брзала накај дома. Господин Ц. сепак не ѝ дозволил да земе такси и побрзал. Набргу откако обвинетиот го оставил својот пријател, одеднаш ја фатил апликантката за градите. Поради тоа, таа изгубила рамнотежа. Додека се обидувала да се соземе, почувствувала нешто во левиот џеб на обвинетиот, за што мислела дека е пиштол. Откако влегле во соба од некој хотел, таа се заклучила во бањата за да се соземе, па откако не слушнала никакви звуци или движења, излегла за да побара помош. Се надевала дека обвинетиот заминал, но потоа го видела како стои на вратата, речиси гол, разговарајќи со некого. Обвинетиот го почувствувал нејзиното присуство зад себе, па одеднаш ја затворил вратата, се свртел кон неа и ја турнал на креветот. Жртвата го молела обвинетиот да ја пушти да си оди, но потоа изгубила свест. Кога ја повратила свеста, обвинетиот ја силувал. Таа се обидела да го оттурне користејќи ги ноктите, додека го молела да престане, но тој продолжил. Конечно успеала да го оттурне и да се ослободи тегнејќи го за косата. По миењето и облекувањето, истрчала од собата кон автомобилот, но не успеала да ја отвори вратата, по што по неа истрчал и обвинетиот и ѝ рекол дека ќе ја однесе дома и да се смири.

Таа го пријавила силувањето и случајот првично бил отфрлен по спроведената истрага. По поднесена жалба, која била уважена, било наредено обвинетиот да биде обвинет за силување. Судската постапка траела од 1997 до 2005 година и конечно, на 26 април 2005 година, Регионалниот суд донел пресуда со која го ослободил обвинетиот.

Апликантката тврди дека таа претрпела секундарна виктимизација од државата откако била силувана. Се повикала на член 1 од Конвенцијата во однос на Општата препорака бр. 19 на Комитетот за елиминација на дискриминација против жените. Таа тврди дека со ослободување на сторителот, државата членка го прекршила нејзиното право на недискриминација и не ја исполнила законската обврска да го почитува, заштити, промовира и исполни тоа право.

Таа тврди дека ослободителната пресуда е исто така доказ за неуспехот на државатапотписничка да применува должно внимание во казнувањето на актите на насилство врз жените, особено силување.

## Мислење и препораки на Комитетот

Комитетот е на ставот дека државата потписничка не ги исполнила своите обврски и со тоа ги повредила правата на апликантката според член 2 (в) и (ѓ) и член 5 (а) во врска со член 1 од Конвенцијата и Општата препорака бр. 19 на Комитетот и на државата, па дава некои од следните препораки:

- Да преземе ефективни мерки за да се осигури дека судските постапки кои се однесуваат на силување се процесираат без непотребно одлагање.
- Да се осигури дека сите правни процедури во случаите кои вклучуваат кривични дела на силување и друго сексуално насилство се непристрасни и фер и не се засноваат врз предрасуди или стереотипи. За да се постигне ова, потребни се мерки насочени кон правниот систем за подобрување на судско постапување во случаите на силување, како и обука и едукација за промена на дискриминаторските ставови кон жените. Конкретните мерки вклучуваат:
    - Разгледување на дефиницијата за силување според постоечкиот закон, за да се осигури дека недостатокот на согласност е суштински елемент на кривичното дело;
    - Отстранување на сите барања во законодавството со кои се бара дека сексуалниот напад треба да е извршен со сила или насилство и секое барање за доказ за пенетрација и минимизирање на секундарната виктимизација на жртвата во постапка со донесување на дефиниција за сексуален напад, или:

а. потребно е постоење на „недвосмислен и доброволен договор“ и барање доказ од обвинетиот за преземените чекори за да се утврди дали жртвата се согласила; или

б. бара делото да се случило во „присилни околности“ и вклучува широк опсег на присилни околности.

- Да се спроведат соодветни и редовни обука за судии, адвокати и органи на прогон за Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените,

Факултативниот протокол и неговите општи препораки, особено Препораката бр. 19.

# 5. Заклучоци

Насилството врз жените несомнено претставува сериозен општествен проблем и затоа е од суштинско значење да се разбере и третира, а особено е потребно да се посвети внимание на сексуалното насилство. Жртвите на сексуално насилство трпат многу последици и заради нивна заштита потребно е унапредување на законската рамка и на постапувањето на институциите.

Како форма на родово базирано насилство, сексуалното насилство е насочено кон жените затоа што тие се жени, и непропорционално влијае врз нив.

Сексуалното насилство може да има многу форми, а овој документ е фокусиран на силувањето и сексуалното вознемирување, односно на постоечката легислатива, предвидените и потребните измени. Освен тоа, преку компаративна анализа и анализа на судската пракса од Европскиот суд за човекови права и Комитетот за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените, беше даден преглед на добри практики и препораки.

Република Северна Македонија има пристапено кон Конвенцијата за превенција и борба против насилството врз жената и семејното насилство и кон Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените, па оттука произлегува и обврската на нашата држава да го усогласи домашното законодавство, како и постапувањето.

Во согласност со Конвенцијата ЦЕДАВ, односно Општата препорака бр. 35, се препорачува сексуалниот напад, вклучително и силувањето, да се карактеризира како кривично дело против правото на жената на лична безбедност и нејзиниот физички, сексуален и психолошки интегритет. Дополнително се препорачува дефиницијата за сексуални насилства, вклучително и силување во брак и познанство/врска, да се заснова врз недостаток на слободно дадена согласност и да ги зема предвид околностите на случајот. Значајно е уште и тоа што, според Конвенцијата, пенетрацијата не треба да биде суштествен елемент на силувањето. Клучно обележје за постоење, односно непостоење на

силување, е немањето согласност. Истанбулската конвенција, во иста насока како и Конвенцијата ЦЕДАВ, како клучен елемент во дефинирање на сексуалното насилство, вклучувајќи го и силувањето, го предвидува постоењето на согласност. Согласноста мора да биде доброволна и таа се оценува во контекст на околностите под кои е дадена. Проценката на доказите треба да се утврди од случај до случај, дали жртвата слободно се согласила на извршениот сексуален чин. Ова важи без разлика на околностите, односно без разлика дали жртвата и сторителот се или биле во блиски лични односи, на пример, дали се поранешни или сегашни брачни партнери.

Очигледна е суштинската разлика во однос на нашиот Кривичен законик и Истанбулската конвенција и Конвенцијата ЦЕДАВ. Конвенцијата бара отсуство на согласност како суштествен елемент, додека македонскиот КЗ бара употреба на сила или закана за остварување на битието на делото. Исто така, вака инкриминираното кривично дело е спротивно на Општата препорака бр. 35, со која се препорачува силувањето да се заснова врз недостаток на слободно дадена согласност и да се земат предвид околностите на случајот, а освен тоа, според Конвенцијата, пенетрацијата не треба да биде суштествен елемент на силувањето. Клучно обележје за постоење, односно непостоење на силување, е недостаток на согласност. И анализата на праксата на Европскиот суд за човекови права и на Комитетот за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените, укажа на потребата согласноста да биде клучен елемент за постоење на силување, наспроти постоењето на сила и отпор. Исто така, се препознава и потребата од обука за судии, адвокати и службеници за спроведување на Законот за кривичното дело силување и други сексуални насилства.

Поаѓајќи од вака поставените стандарди, неоспорно може да се заклучи дека македонското моментално законодавство е целосно спротивно на овие стандарди и затоа има потреба од промена. Дотолку повеќе што во одредбата од актуелниот Кривичен законик актот на сексуално насилство не се заснова врз концептот на недостиг на согласност од жртвата, туку врз концептот на употреба на сила.

Предлог-измените на Кривичниот законик во однос на кривичното дело силување имаат две алтернативи. Во првата алтернатива се предвидува воведување на две кривични дела, и тоа силување и полов

напад, а втората алтернатива предвидува воведување на едно кривично дело – полов напад и силување. Со предложените измени јасно изразената согласност на друг, проценета во контекст на околностите на случајот, е наведена како клучна во кривичното дело полов напад, додека кај кривичното дело силување се бара примена на сила или закана дека непосредно ќе нападне врз неговиот живот или тело или врз животот или телото на нему блиско лице, ќе го присили на полов однос или друго со него изедначено полово дејствие што се состои во анална или орална пенетрација. Во втората алтернатива, односно кривично дело полов напад и силување, примена на сила или закана врз друг дека непосредно ќе нападне врз неговиот живот или тело или врз животот или телото на нему блиско лице, е предвидено како квалифициран облик.

Во согласност со меѓународните стандарди, треба да постои само едно кривично дело кое ќе гласи „силување", а чие битие на делото ќе биде алтернативата на членовите 243 и 244, бидејќи полов напад без согласност претставува силување, па оттука тие не треба да бидат одвоени во две различни кривични дела. Примената на сила или закана сметаме дека треба да биде квалификаторен облик на основното дело силување, како што е во алтернативата, поради што таа е поцелосна. Ваквата констатација неоспорно се согледува и од примерот на Хрватска, каде што прво биле воведени две кривични дела, односно „полов однос без согласност" и „силување", а потоа со измените и дополнувањата во 2019 година предвидено е едно кривично дело, „силување", во кое сексуалниот однос без согласност претставува силување. Воведувањето на посебни кривични дела се покажало во праксата како проблематично, бидејќи полов однос без согласност бил категоризиран како полесно кривично дело од силувањето, односно со можна казна затвор до 5 години, за разлика од силувањето, кај кое била предвидена казна затвор до 10 години. Дополнително, со разликување дали од страна на жртвата имало отпор или сексуалното насилство било извршено само без согласност на жртвата, се појавиле можности сторителите на силување да се извлечат со поблага казна, а жртвите да останат незаштитени од страна на системот. Поаѓајќи од овој факт, како и по добиените критики од страна на Комитетот ЦЕДАВ и „Амнести интернешнел", Република Хрватска го измени Кривичниот законик.

Сексуалното вознемирување како вид вознемирување претставува вид насилство врз жените и како такво значи кршење на правата на жените. Сексуалното вознемирување за прв пат е препознаено во контекст на работните односи со Законот за работни односи од 2005 година, а потоа со Законот за заштита од вознемирување на работно место, а преку Законот за спречување и заштита од дискриминација од 2010 и 2020 г. и Законот за спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство, заштитата се проширува на сите области.

Праксата и на другите држави покажува дека сексуалното вознемирување е потребно да се инкриминира. Моментално сексуалното вознемирување воопшто не е инкриминирано и не може да се обезбеди сеопфатна заштита на жртвите на сексуално вознемирување. Случајот „Јавна соба“ е експлицитен пример со кој може да се тврди дека токму отсуството на хармонизирана законска рамка придонесува кон неказнување на сторителите на ваков вид насилство, особено доколку жртвите се полнолетни жени. Секако, потребни се и дополнителни обуки за јакнење на капацитетите на институциите, промоција и зајакнување на жртвите.

Предлог-измените на Кривичниот законик предвидуваат внесување на ново кривично дело, „полово вознемирување“, кое, всушност, претставува сексуално вознемирување. Термините полово вознемирување и полова страст треба да се заменат со сексуално вознемирување и сексуална страст, со цел усогласување на Кривичниот законик со Законот за спречување и заштита од дискриминација и Законот за спречување и заштита од насилство врз жени и семејното насилство, како и со Истанбулската конвенција. Дополнително, потребно е да се додаде и „невербално дејствие“, со цел да се опфатат сите начини на сексуално вознемирување. Предлог-одредбата ограничува во однос на опсегот на лица кои може да вршат или да трпат сексуално вознемирување, па потребно е изменување и во оваа насока. Исто така, сексуалното вознемирување преку Интернет не е опфатено со измените на Кривичниот законик, иако е препознаено како специфична форма на насилство во Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство. Потребата од експлицитно додавање на сексуалното вознемирување преку Интернет произлегува заради обезбедување заштита на жртвите.

Сексуалното вознемирување не претставува искажување на сексуалните желби на мажите, туку средство за држење под контрола на жените со употреба на закани и насилство, односно контрола на економскиот статус на жените. Покрај ова, сексуалното вознемирување придонесува и за опстојување и засилување на родовите стереотипи за положбата и статусот на жените во општеството.

# 6. Препораки

- Усогласување на правната рамка на Република Северна Македонија со Конвенцијата за превенција и борба против насилството врз жената и семејното насилство и Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените;
- Промена на кривичното дело силување во согласност со Конвенцијата за превенција и борба против насилството врз жената и семејното насилство и Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените;
- Предвидување на јасно изразената согласност на друг проценета во контекст на околностите на случајот, како суштествен елемент за постоење на силување;
- Предвидување дека клучно обележје за постоење, односно непостоење на силувањето, би бил недостатокот на согласност, а пенетрацијата нема да биде суштествен елемент на силувањето;
- Предвидување на втората алтернатива во новиот Кривичен законик. Предвидување на едно кривично дело, „полов напад и силување", каде примената на сила или закана врз друг дека непосредно ќе нападне врз неговиот живот или тело или врз животот или телото на нему блиско лице е предвидено како квалифициран облик, и измена на насловот на кривичното дело „полов напад и силување" во „силување", бидејќи полов напад без согласност претставува силување;
- Инкриминирање на сексуалното вознемирување во согласност со Конвенцијата за превенција и борба против насилството врз жената и семејното насилство;
- Измена на предлог-измените на Кривичниот законик во врска со предвиденото кривично дело „полово вознемирување" во насока на замена на термините „полово вознемирување" и „полова страст" со „сексуално вознемирување" и „сексуална страст", со цел усогласување на Кривичниот законик со Законот за спречување и заштита од дискриминација и Законот за спречување и заштита од

насилство врз жени и семејното насилство, како и со Истанбулската конвенција; додавање на „невербално дејствие“ со цел да се опфатат сите начини на сексуално вознемирување; искоренување на ограничувањето во однос на опсегот на лица кои може да вршат или да трпат сексуално вознемирување;

- Предвидување на сексуалното вознемирување преку Интернет експлицитно како квалификаторен облик во кривичното дело „сексуално вознемирување“ или предвидување на посебно кривично дело „сексуално вознемирување преку Интернет“;
- Да се преземат ефективни мерки за да се осигури дека судските постапки што се однесуваат на силување се процесираат без непотребно одлагање;
- Да се преземат ефективни мерки за да се осигури дека постапувањето на органите нема да значи секундарна виктимизација на жртвите;
- Да се осигури дека сите правни процедури во случаите кои вклучуваат кривични дела на силување и друго сексуално насилство се непристрасни и фер и не се засноваат врз предрасуди или стереотипи;
- Да се спроведат соодветни и редовни обуки за судии, адвокати и органи на прогон за постапување во случаи на силување и сексуално вознемирување во согласност со меѓународните стандарди.

# 7. Библиографија


1. Кривичен законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 41/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15, 97/17 и 248/18). <https://praksis.mk/Document/Details/144001>

2. Нацрт-предлог на Кривичен законик. <https://ener.gov.mk/Default.aspx?item=pub_regulation&subitem=view_reg_detail&itemid=74071>

3. Convention on the Elimination of Discrimination against Women. <https://www.ohchr.org/en/instruments-mechanisms/instruments/convention-elimination-all-forms-discrimination-against-women>

4. Declaration on the Elimination of Violence against Women, UNGA Res 48/104, U.N. Doc. A/48/49 (1993). <http://hrlibrary.umn.edu/instree/e4devw.htm>

5. Convention on preventing and combating violence against women and domestic violence, Council of Europe, 2014. <https://rm.coe.int/168008482e>

6. За кого Интернетот е безбедно место, Глас против насилство, 2021. <https://glasprotivnasilstvo.org.mk/wp-content/uploads/2021/12/Za-kogo-internetot-e-bezbedno-mesto-finalno.-docx.pdf>

7. Explanatory Report to the Council of Europe Convention on preventing and combating violence against women and domestic violence Istanbul, 2011.

8. Студија на опсег на различни форми на сексуално насилство, Национална мрежа против насилство врз жените и семејно насилство. <http://www.glasprotivnasilstvo.org.mk/wp-content/uploads/2013/11/studija-za-seksualno-nasilstvo-vo-rm-1.pdf>

9. Џугуманова, И. (2020). **Сексуално насилство и потребата од усогласувањето на македонското казнено законодавство со**

**меѓународните конвенции. Правен факултет „Јустинијан Први“**, Универзитет **„Св. Кирил и Методиј“**, Скопје.

10. Насилството врз жените во Република Северна Македонија. Благосостојбата и безбедноста на жените, 2019 година, ОБСЕ. <https://www.osce.org/mk/secretariat/424409?download=true>

11. Родово базирано насилство на јавни места во Скопје, 2020 година, РЕАКТОР. <file:///C:/Users/User/Downloads/Reaktor-rodovo-bazirano-nasilstvo-MKD-web.pdf>

12. Анализа на усогласеноста на одредбите од Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство со стандардите содржани во Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилство врз жените и домашно насилство, Сојуз – Национален совет за родова рамноправност. <https://civicamobilitas.mk/wp-content/uploads/2018/03/cela_brosura.pdf>

13. АНАЛИЗА НА ПОТРЕБИТЕ ОД УСОГЛАСУВАЊЕ НА КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК СО ИСТАНБУЛСКАТА КОНВЕНЦИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, Центар за истражување и креирање политики и Македонско женско лоби. <http://www.crpm.org.mk/wp-content/uploads/2019/07/Gap_Analysis_MK_PRINT.pdf>

14. R. v. McCraw, 3 SCR 72, Supreme Court of Canada, Judgment of 26 September. <https://www.unwomen.org/en/what-we-do/ending-violence-against-women/faqs/types-of-violence>

15. Закон за работни односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/19, 267/20, 151/21 и 288/21). <https://praksis.mk/Document/Details/150821>

16. Закон за вознемирување на работно место („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/13 и 147/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 103/21). <https://praksis.mk/Document/Details/142242>

17. **Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство („Службен весник“** 24/2021). <https://praksis.mk/Document/Details/146973>

18. **Закон за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник“ бр. и „Службен весник“** 258/2020). <https://praksis.mk/Document/Details/134972>

19. Right to be free from rape, Amnesty International, 2018. <https://www.amnesty.org/download/Documents/EUR0194522018ENGLISH.PDF>

20. <https://360stepeni.mk/video-rekonstruktsija-na-postapuvaneto-na-organite-na-progonot-vo-sluchaj-so-siluvane/>

21. <https://www.unwomen.org/en/what-we-do/ending-violence-against-women/faqs/types-of-violence>

22. European Court of Human Rights (EctHR), M.C.v.Bulgaria. <https://www.coe.int/t/dg2/equality/domesticviolencecampaign/resources/M.C.v.BULGARIA_en.asp>

23. Karen Vertido v. The Philippines/ Communication No.18/2008, Cedaw. <https://juris.ohchr.org/search/details/1700>

24. European Court of Human Rights (ECtHR), Jl v Italy. <http://www.humanrightshere.com/post/jl-v-italy-the-ecthr-is-finally-recognising-victim-blaming-in-cases-of-sexual-violence>

25. <https://www.reuters.com/article/us-sweden-crime-rape-law-trfn-idUSKBN23T2R3>

26. Sweden: Supreme Court Defines Negligent Rape. <https://www.loc.gov/law/foreign-news/article/sweden-supreme-court-defines-negligent-rape/>

27. CEDAW, Concluding Observations, Croatia, July 2015, CEDAW/C/HRV/CO/4-5. <http://tbinternet.ohchr.org/_layouts/treatybodyexternal/

Download.aspx?symbolno=CEDAW%2fC%2fHRV%2fCO%2f4-5&Lang=en> para 18.

28. JOINT SHADOW REPORT on the implementation of Council of Europe's Convention on preventing and combating violence against women and domestic violence in Croatia. <https://rm.coe.int/joint-shadow-report-croatia-2022/1680a5b42d>

29. The new consent law in practice An updated review of the changes in 2018 to the legal rules concerning rape. <https://bra.se/download/18.7d27ebd916ea64de53065cff/1614334312744/2020_6_The_new_consent_law_in_practice.pdf>

30. GREVIO's (Baseline) Evaluation Report on Legislative and Other Measures Giving Effect to the Provisions of the Council of Europe Convention on Preventing and Combating Violence against Women and Domestic Violence (Istanbul Convention) SWEDEN (Secretariat of the monitoring mechanism of the Council of Europe Convention on Preventing and Combating Violence against Women and Domestic Violence, 2019). <https://rm.coe.int/grevio-inf-2018-15-eng-final/168091e686>

31. Alternative Report on the Implementation of the Council of Europe Convention on Preventing and Combating Violence Against Women and Domestic Violence, German Istanbul Convention Alliance. <https://rm.coe.int/alternative-report-2021-german-istanbul-convention-alliance/1680a1f12b>